# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| 30 Август 2017 година | Гевгелија | Број 11 | Година XL |
|---|---|---|---|

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09 год.), и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017 година, расправајќи по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017г.-30.06.2017год., го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017г. - 30.06.2017 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1610/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 36 ста1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), а во врска со член 36 став 4 од Законот за буџетите ("Службенвесникна РМ " бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11 и 171/12 год.), и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана ан ден 29.08.2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## За зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, кој е објавенво ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/16 год. и 04/17 год.), во делот на буџетот на донации, на следниот начин:

Потпрограма и назив на програмата

| Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинанс. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.-Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| **742119 Други општи и тековни донации** | | | | **9.667.000** | |
| И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки на донации - 785 | | | | | |
| **Г10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| **482930 Реконструкцијанадругиобјекти** | | | | **9.512.000** | |
| **482940Надзор наизградбата** | | | | **155.000** | |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година.

Бр.09-1611/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 год.) и член 89 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017 година, расправајќи по Предлог-Регионалниот план за интегриран систем за управување со отпад во Југоисточниот плански регион, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Регионалниот план за интегриран систем за управување со отпад во Југоисточниот плански регион, нарачан од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, и изработен од Градежен институт "Македонија" А.Д. – Скопје и Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика.

2.Еден примерок од Заклучокот да се достави и до Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во Струмица.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1612/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 год.) и член 89 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017 година, расправајќи по Предлог-Планот за управување со отпад во општина Гевгелија, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Планот за управување со отпад на општина Гевгелија за периодот 2017-2022 година, нарачан од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, и изработен од Градежен институт "Македонија" А.Д. – Скопје и Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика.

2.Еден примерок од Заклучокот да се достави до Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во Струмица.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1613/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење И одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелилја" бр.25/06 и 08/010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017година, донесе

## ОДЛУКА

**За давање на управување и користење на изведена градба на објект - улична фекална канализација вонаселба Моин на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување И користење на изведена градба на објект - улична фекална канализација во населба Моин - општина Гевгелија, на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, како давател на услуги.

**Член 2**

Со предавањето на објектот на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, се предава И Основен проект за фекална канализациона мрежа за населба Моин- Гевгелија, како и Анексот на основниот проект од 2016-та година, (И двата проекта се изработени од фирмата "ДОМИНГ" ЈТД од Радовиш).

**Член 3**

За предавањето на изведена градба на објектот-фекална канализациона мрежа за населба Моин ќе се формира Комисија од претставници на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1614/1
30.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04 год.) и

член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелила" бр.25/06 и 08/010 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на управување и користење на изведена градба на објект - улична фекална канализација во населба Давидово на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување И користење на изведена градба на објект - улична фекална канализација во населба Давидово - општина Гевгелија, на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, како давател на услуги.

**Член 2**

Со предавањето на објектот на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, се предава И Основен проект за фекална канализациона мрежа за населба Давидово-Гевгелија со технички број 044/2014-к, изработен од страна на фирмата"ДОМИНГ" ЈТД-Радовиш, како и Анекс на основниот проект под бр.03-2139/1 од 26.09.2016 година, исто така изработен од фирмата "ДОМИНГ" ЈТД од Радовиш.

**Член 3**

За предавањето на изведена градба на објектот-фекална канализациона мрежа за населба Давидово, ќе се формира Комисија од претставници на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1615/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на членовите 133-136 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на времено управување и користење на локацијата на старото градско пазариште во Гевгелија на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава на времено управување и користење локацијата на старото градско пазариште во Гевгелија, на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија **за давање услуги за јавно паркирање**.

Локацијата на старото градско пазариште се наоѓа во КО Гевгелија, на КП бр.4966/1, со површина од 2622 м2, и е во сопственост на Република Македонија.

**Член 2**

Временото управување и користење со локацијата на старото градско пазариште во Гевгелија ќе трае се до донесување на Деталниот урбанистички план за централното градско подрачје во Гевгелија.

**Член 3**

Начинот на временото управување и користењето на локацијата од страна на ЈПКД Комуналец-Гевгелија ќе се регулира на наредна седница на Советот на општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1616/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Програмата за реализирање на екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија, којашто ќе се реализира во учебната 2017/2018 година.

2.Програмата за реализирање на екскурзии и други слободни активности во ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија е усвоена од Училишниот одбор на ова ООУ со Одлука бр.02-4/221 од 10.07.2017година .

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1617/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.), Советот на Општина Гевгелија, седница одржана на 29.08.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**За одобрување на дополнителни финансиски средства потребни за измирување на неизмирена обврска на ООУ "Климент Охридски"- Миравци**

**Член 1**

Со ова Решение се одобруваат дополнителни финансиски средства потребни за подмирување на неизмирена обврска - јавна набавка за поставување настрешница помеѓу училишната зграда и спортската сала на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за изминатата 2016 година.

**Член 2**

Дополнително одобрените финансискисредства, воизнос од **88.594,оо денари**, треба да бидат одобрени од финансовиот план сметка: 7150108095 60314, Програма Н-1, расходно конто 424210.

**Член 3**

Средствата ќе бидат одобрени од Основниот буџет на општина Гевгелија за 2017 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1618/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.08.2017 год., донесе

## ОДЛУКА
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.1058 КО Давидово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација (УП за с.Давидово), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект, сопственост на лицето Драган Танчев од Велес, на КП бр.1058 КО Давидово, во класа на намена А1- Домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1619/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.08.2017 год., донесе

## ОДЛУКА
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.570/2 КО Конско

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација (УП за с.Конско), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект, сопственост на лицето Александар Стојанов од Гевгелија, на КПбр.570/2 КО Конско, во класа на намена А1- Домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1620/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.08.2017 год., донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.706/2 КО Конско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација (УП за с.Конско), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект, сопственост на лицето Благој Динев од Гевгелија, на КПбр.706/2 КО Конско, во класа на намена А1- Домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1621/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Програмата за реализирање на екскурзија за учениците од **шестите одделенија** од ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија, којашто се планира да се реализира во месец Октомври во учебната 2017/2018 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1622/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 34 од Законот за основното одделение ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 година), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010 година од Министерството за

образование и наука) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Со ова Решение се дава позитивно мислење на Програмата за реализирање на екскурзија за учениците од **деветтите одделенија** од ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, којашто се планира да се реализира во месец Октомври во учебната 2017/2018 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1623/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), и член 28 став 1 точка 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.08.2017 година, расправајќи по Предлог-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во РМ 2017-2027 година и Националниот акциски план за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година, донесе

## О Д Л У К А
### За недавање согласност на Националната стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ и на Националниот акциски план за интеграција на бегалци и странци во РМ 2017-2027 година.

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Гевгелија не дава согласност за реализација на Националната стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ и на Националниот акциски план за интеграција на бегалци и странци во РМ 2017-2027 година, на територијата на општина Гевгелија

**Член 2**

Општина Гевгелија категорично потврдува дека не поседува просторни, материјални, финансиски и човечки ресурси коишто би овозможиле згрижување и полесна интеграција на поголем број бегалци и странци на своја територија.

**Член 3**

Оваа Одлука да се испрати до Министерството за труд и социјална политика на РМ, со цел да се изземе општина Гевгелија од предложените мерки за интеграција на бегалци и странци, утврдени во Предлог-Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во РМ 2017-2027 година и Предлог-Националниот акциски план за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година, пред нејзиното усвојување и практична примена.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1624/1
29.08.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 И 39/16) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

**за избор на директор на Јавна Општинска Установа Библиотека**

**"Гоце Делчев"-Гевгелија**

1. За директор на Јавна Општинска Установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, се избира лицето,
   - Дамјан Ѓуров, со завршен Факултет за ликовни уметности, оддел вајарски, насока керамика.
2. Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев", Законот за библиотеките и другите законски прописи.
3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франѓов с.р.***

### С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017г. 30.06.2017 година ........ 302

2.Одлука за зголемување на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 год...... 302

3.Заклучок по Регионалниот план за интегриран систем за управување со отпад во Југоисточниот плански регион ........ 303

4.Заклучок по Планот за управување со отпад на општина Гевгелија за периодот 2017-2022 година ........ 303

5.Одлука за давање на управување и користење на изведена градба на објект - улична фекална канализација во населба Моин на ЈПКД "Комуналец" ..................... 304

6.Одлука за давање на управување и користење на изведена градба на објект - улична фекална канализација во населба Давидово на ЈПКД "Комуналец" .............. 305

7.Одлука за давање на времено управување и користење на локацијата на старото градско пазариште во Гевгелија на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" .................................................................................... 305

8.Решение за давање позитивно мислење на Програмата за реализирање на екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија, којашто ќе се реализира во учебната 2017/2018 година ........................ 306

9.Решение за одобрување на дополнителни финансиски срдства потребни за измирување на неизмирена обврска на ООУ "Климент Охридски" Миравци ............ 307

10.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.1058 КО Давидово .................................................................................................... 307

11.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.570/2 КО Конско .................................................................................................... 308

12.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.706/2 КО Конско .................................................................................................... 309

13.Решение за давање позитивно мислење на Програмата за реализирање на екскурзија за учениците од шестите одделенија од ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија .................................................................................................... 309

14. Решение за давање позитивно мислење на Програмата за реализирање на екскурзија за учениците од деветтите одделенија од ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија .................................................................................................... 310

15.Одлука за недавање согласност на Националната стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ и на Националниот акциски план за интеграција на бегалци и странци во РМ 2017-2027 година .................................................. 310

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за избор на директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија .................................................................................................... 311

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија